Врз основа на член 20 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 21 од Статутот на Општина Василево(„ Службен гласник на ОВ " бр. 4/03, 8/06 и 9/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на 21.12.2018 година ја донесе следната:

Програма
За уредување на градежно земјиште во индустриска зона на
општина Василево за 2019 година
ВОВЕД:

Оваа програма се донесува со цел превземање на активности за уредување на градежното земјиште во индустриската зона Градошорци и во другите индустриски зони во општина Василево каде врз база на донесен детален урбанистички план. Програмата е со цел да овозможи задоволување на потребите на градежната оперетива за изградба на деловни и стопански објекти. Инаку во програмата се опфатени сите активности поврзани со расчистување на имотно правните односи (особено со приватното земјиште), расчистување на постојани инсталации и други пречки кои ќе се јават при отпочнувањето на на реализацијата на програмата.

Со оваа програма се предвидува поврзување на регионалниот пат М6, пробивање и изградба на улици во самата зона, изградба на водоводна и канализациона мрежа, електрификација и изградба на други помошни објекти од областа на инфраструктурата.

Степенот на уредувањето ќе се реализира согласно динамиката на прибирање на средства од продажбата на градежно земјиште и од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Член 1

А.Подготвителни работи

Решавање на имотно правни односи

Изработка на инвестициона - техничка документација (проекти).

Б.Опремување на градежното земјиште со инфраструктурни објекти:

Пробивање и изградба на улици

Изградба на водоводна и електрична мрежа

Изградба на атмосверска и канализациона мрежа

Изградба на други објекти од областа на инфраструктурата.

Член 2

Уредувањето и опремувањето на градежното земјиште ќе се врши од средствата што ќе се прибираат од:

Продажба на државно неизградено градежно земјиште од: 1.000.000 денари

Вкупно 1.000.000 денари

Член 3

Уредување на градежно земјиште во индустриска зона во Градошорци

1. Изградба на улица од Дом на култура до индустриска зона Градошорци преку апликација од АФПЗРР
2. Изградба на водоводна мрежа во индустриска зона: 100.000 денари
3. Изградба на фекална канализација во индустриска зона: 100.000 денари
4. Изградба на улица во индустриска зона Градошорци 800.000 денари

Вкупно 1.000.000 денари

Член 4

Оваа прорама стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

Бр. 08-1661/1	Совет на општина Василево
21.12.2018 г	Претседател
Василево	Крсте Панев с.р